**ДОГОВОР**
**ЗА СТУДЕНТСКА СТИПЕНДИЈА**

Склучен на ден _______________година помеѓу:

1. **Министерство за образование и наука** со седиште на ул. Димитрие Чуповски бр.9 1000 Скопје претставувано од Перо Стојановски, министер од една страна како давател на стипендија, и

2. ____________________________________студент од_________________година, запишан во студиската 2008/2009 година на __________________________________ факултет при универзитетот_______________________________________________ од друга страна како корисник на стипендија.

**Член 1**

Предмет на овој договор е доделување на стипендија, согласно конкурсот за доделување на стипендии за студенти од јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија за студиската 2008/2009 година, утврдување на износот и регулирање на правата и обврските на договорните страни.

**Член 2**

Давателот на стипендијата на корисникот на стипендијата му обезбедува стипендија во месечен износ од 3.630,00 денари за 9 (девет) месеци во годината (без месеците јули, август и септември).

**Член 3**

Давателот на стипендијата се обврзува стипендијата од член 2 на овој договор да ја исплаќа на трансакциска сметка што корисникот на стипендијата ќе ја достави до давателот на стипендијата.

**Член 4**

Корисникот на стипендија се обврзува:

1. Редовно да ги запишува семестрите, односно годината на образованието, да постигне успех согласно распишаниот конкурс и да го заврши студирањето во редовниот рок предвиден со статутот на високообразовната установа каде студира.
2. На почетокот на секоја наредна студиска година, до давателот на стипендијата да достави уверение со предвидени и положени испити, потврда за запишан нареден семестар, уверение од управата за јавни приходи на општината за материјалната положба на корисникот на студентска стипендија и на неговото семејството, индекс и лична карта на увид.

Потребните документи од точка 2 на овој член да се доставаат во роковите кои ќе бидат предвидени со Конкурсот за тековната студиска година.

Давателот на стипендијата го задржува правото, по потреба, да побара од корисникот на студентската стипендија да достави и други документи.

3. Во рок од 15 (петнаесет) дена да го извести давателот на стипендијата за настанати промени, како што се: промена на високообразовната установа, прекинување на натамошното студирање, добивање на стипендија или кредит од друга установа или фирма, престој во странство, промена на материјалната состојба на неговото семејство, како и други промени кои влијаат на правото на користење на стипендија.

**Член 5**

Правото на користење на стипендија престанува доколку корисникот на стипендијата не ги исполнува обврските од член 4 на овој Договор.

**Член 6**

Во случај на спор договорните страни се согласни по истиот да решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 7**

Овој договор е составен во 3 (три) еднообразни примероци, од кои 1 (еден) за корисникот на стипендијата и 2 (два) за давателот на стипендијата.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**Министер,**
**Перо Стојановски**

**КОРИСНИК НА СТИПЕНДИЈАТА,**

___________________________________
(име, татково име, презиме)

___________________________________
(место и адреса на постојано живеалиште)

л.к.бр.__________издадена _______г. од _______

матичен број ___________________________

бр. на Индекс____________________